**ЗАПИСНИК**
**од 3-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 27.02.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Методија Јанчески (оправдано отсустен) ,Зоран Фиданоски (оправдано отсутен, боледување).

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (службено отсутен).**

**На седницата го заменуваше раководител на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на Овластување бр.03-1125/1 од 26.02.2019 година.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /.

Г-дин Петрушевски ја отвори 3-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна со задоцнување и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски информира дека г-дин Фиданоски го известил дека во текот на вчерашниот ден имал повреда на ногата и е на боледување и можно е неколку недели да не може да се движи. Г-дин Јанчески уште на минатата седница најавил дека нема да може да дојде поради тоа што има часови со студентите на факултет. Во врска со предложениот Дневен ред појасни дека првично имал 10 точки и точка разно, но во меѓувреме дел од радиодифузерите го платиле надоместокот за дозвола, со што Предлог-дневниот ред за Јавната седница претрпел измени.

Советот на Агенцијата едногласно, со 5 гласа „за" го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Образложение од РТД Телевизија Сонце ДООЕЛ Прилеп во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери.
2. Образложение од ТРД ТВ Канал 5 Плус ДООЕЛ Скопје за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата.
3. Образложение од ТРД ТВ Скопје ДОО Скопје за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата.

4. Образложение од ТРД К ТРИ Телевизија Куманово за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата.

5. Разно.

Г-дин Петрушевски по усвојувањето на Дневниот ред, објасни дека сега треба да се даде можност на радиодифузерите, еден по еден да се изјаснат. Но, рече, очигледно е дека ниеден од нив не е присутен. Отвори можност за дискусија и доколку нема рече дека ќе бидат забележани како поминати точките во дневниот ред. Исто така посочи дека законодавецот треба да размисли за оваа можност во Законот која очигледно е дека никој од радиодифузерите не ја користи. Членовите на Советот организираат Јавни седници, доаѓаат на седници и на некој начин го губат времето бидејќи никој од поканетите радиодифузери на присуствува на седниците.

Г-дин Трајчев рече дека веројатно законодавецот го предвидел тоа затоа што некогаш ќе има ситуации, ќе има некои спорни работи кои ќе треба да се коментираат. Во денешната ситуација се работи за неплаќање и веројатно немаат што друго да кажат.

Г-дин Петрушевски, бидејќи немаше присутни радиодифузери рече дека Советот не беше во можност да го слушне нивното образложение. Со тоа ја затвори седницата.

**Бр. 02-1121/2**
**06.03.2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**